**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ШТИП**

# К О Н К У Р С

## ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ВО УЧЕБНАТА 2020/2021 година

**Штип, 2020 г.**

Врз основа на член 149 од Законот за високото образование (С.весник на РМ бр.82/2018) и Одлуката бр.0202-273/4 од 19.03.2020г. донесена на 188та седницаи бр.0202-305/2 донесена на 190та седница одржана на 18.05.2020година, на Ректорската управа на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Одлуката на Владата бр.44-6079/1 од 19.06.2020г. (Службен весник на РСМ бр. 166/20), Универзитетот објавува

# К О Н К У Р С
## за запишување студенти на втор циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Гоце Делчев “ во Штип во учебната 2020/2021 година

### 1.Назив на студиската програма, предвиден број на слободни места за запишување, висина на школарината и времетраење на студиите

На единиците на Универзитетот„Гоце Делчев“ во Штип во учебната 2020/2021 година може да се запишат следниов број на студенти:

| **ЕДИНИЦИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ** | | **Број на студенти** | | **Висина на школарина (во ЕУР)** | | **Времетраење на студиите** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Редовни студенти** | **Вонред-ни студент и** | **Редовни студии по семестар 400 евра (во денари)** | **Вонред-ни студии по семестар 500 евра (во денари)** | **Времетраење на студиите** |
| **1.Земјоделски факултет** | | | | | | |
| **Назив на студиската програма** | | | | | | |
| Заштита на растенијата и животната средина | Фитомедицина | 5 | 5 | 400 | 500 | двогодишни (120 кредити) |
| Прехрамбена технологија и преработка на анимални производи | Преработка и контрола на анимални производи | 5 | 5 | 400 | 500 | двогодишни (120 кредити) |
| | Безбедност на храна | 5 | 5 | 400 | 500 | двогодишни (120 кредити) |
| | Енологија | 5 | 5 | 400 | 500 | двогодишни (120 кредити) |
| Лозарство и обоштарство | Лозарство | 5 | 5 | 400 | 500 | двогодишни (120 кредити) |
| Растително производство | Поледелско производство | 5 | 5 | 400 | 500 | двогодишни (120 кредити) |
| | Селекција и семепроизводство | 5 | 5 | 400 | 500 | двогодишни (120 кредити) |
| Растителна био-технологија | Растителна биотехнологија | 5 | 5 | 400 | 500 | двогодишни (120 кредити) |
| | | | | | | |
| **2.Факултет за природни и технички науки** | | | | | | |
| **Назив на студиската програма** | | | | | | |
| Површинска експлоатација | | 5 | 5 | 400 | 500 | Двогодишни ( 120 кредити) |
| Подземна експлоатација | | 5 | 5 | 400 | 500 | Двогодишни ( 120 кредити) |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Подготовка на минерални суровини | 5 | 5 | 400 | 500 | Двогодишни ( 120 кредити) |
| Петрологија, минералогија и геохемија | 5 | 5 | 400 | 500 | Двогодишни ( 120 кредити) |
| Наоѓалишта на минерални суровини | 5 | 5 | 400 | 500 | Двогодишни ( 120 кредити) |
| Хидрогеологија | 5 | 5 | 400 | 500 | Двогодишни ( 120 кредити) |
| Геологија и геофизика | 5 | 5 | 400 | 500 | Двогодишни ( 120 кредити) |
| Дизајн на ентериер и мебел | 10 | 10 | 400 | 500 | Двогодишни ( 120 кредити) |
| Инженерство за заштита на животна средина | 5 | 5 | 400 | 500 | двогодишни (120 кредити) |
| Инженерство за заштита на работна средина | 5 | 5 | 400 | 500 | двогодишни (120 кредити) |
| **3.Правен факултет** | | | | | |
| **Назив на студиската програма** | | | | | |
| Јавна администрација | 10 | 5 | 400 | 500 | двогодишни (120 кредити) |
| Демократски институции и човекови права | 10 | 5 | 400 | 500 | двогодишни (120 кредити) |
| Европско право | 10 | 5 | 400 | 500 | двогодишни (120 кредити) |
| Казнено право | 10 | 5 | 400 | 500 | двогодишни (120 кредити) |
| Граѓанско право | 10 | 5 | 400 | 500 | двогодишни (120 кредити) |
| Граѓанско право | 20 | 10 | 400 | 500 | Едногодишни (60 кредити) |
| Деловно право | 20 | 10 | 400 | 500 | Едногодишни (60 кредити) |
| Европско право | 20 | 10 | 400 | 500 | Едногодишни (60 кредити) |
| Казнено право | 20 | 10 | 400 | 500 | Едногодишни (60 кредити) |
| **4.Факултет за медицински науки** | | | | | |
| **Назив на студиската програма** | | | | | |
| Специјалистички студии за интензивна нега | 20 | | 400 | | едногодишни (60 кредити) |
| Специјалистички студии за инструментарка | 20 | | 400 | | едногодишни (60 кредити) |
| Специјалистички студии за семејна и патронажна сестра | 20 | | 400 | | едногодишни (60 кредити) |
| Специјалистички студии за ментално здравје | 20 | | 400 | | едногодишни (60 кредити) |
| Специјалистички студии за превенција на инфективни и неинфективни заболувања | 20 | | 400 | | едногодишни (60 кредити) |
| Специјалистички студии за хемиско – биохемиска лабораторија | 20 | | 400 | | едногодишни (60 кредити) |
| Специјалистички студии за микробиолошка лабораторија | 20 | | 400 | | едногодишни (60 кредити) |
| Специјалистички студии за санитарно-хемиска лабораторија | 20 | | 400 | | едногодишни (60 кредити) |
| Специјалистички студии за | 20 | | 400 | | едногодишни |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| рефлексотерапија и акупресура | | | | | (60 кредити) |
| Специјалистички студии за кинезитерапија | 20 | | 400 | | едногодишни (60 кредити) |
| Специјалистички студии за рехабилитација на деца и корекција на телесни деформитети | 20 | | 400 | | едногодишни (60 кредити) |
| Специјалистички студии за трансфузиологија | 20 | | 400 | | едногодишни (60 кредити) |
| **Назив на студиската програма** | | | | | |
| Радиофармација (академска специјализација) | 20 | | 400 | | едногодишни (60 кредити) |
| **Назив на студиската програма (магистерски академски студии)** | | | | | |
| Radiopharmancy ((study program in English)* Радиофармација (студиска програма на англиски јазик) | 20 | | 400 | | Двогодишни (120 кредити) |
| **5.Факултет за образовни науки** | | | | | |
| **Назив на студиската програма** | | | | | |
| Образование на наставници | 3 | 3 | 400 | 500 | Двогодишни (120 кредити) |
| Античка археологија | 3 | 3 | 400 | 500 | Двогодишни (120 кредити) |
| Методика | 3 | 3 | 400 | 500 | Двогодишни (120 кредити) |
| Образовна политика и менаџмент во образованието | 3 | 3 | 400 | 500 | Двогодишни (120 кредити) |
| Педагогија | 3 | 3 | 400 | 500 | Двогодишни (120 кредити) |
| Средновековна археологија | 3 | 3 | 400 | 500 | Двогодишни (120 кредити) |
| Средновековна историја-Византија и Балканот во средниот век | 3 | 3 | 400 | 500 | Двогодишни (120 кредити) |
| **6.Факултет за информатика** | | | | | |
| **Назив на студиската програма** | | | | | |
| Математика | 5 | 5 | 400 | 500 | двогодишни (120 кредити) |
| Пресметковно инженерство (Computational engineering) на англиски јазик | 5 | 5 | 400 | 500 | Двогодишни (120 кредити) |
| Информациски системи и технологии | 5 | 5 | 400 | 500 | Двогодишни (120 кредити) |
| Информациски системи и технологии | 5 | 5 | 400 | 500 | Едногодишни (60 кредити) |
| Софтверско инженерство | 5 | 5 | 400 | 500 | Едногодишни (60 кредити) |
| Математика | 5 | 5 | 400 | 500 | Едногодишни (60 кредити) |
| Биоинформатика | 5 | 5 | 400 | 500 | Едногодишни (60 кредити) |
| Интелигентни WEB технологии | 5 | 5 | 400 | 500 | Едногодишни (60 кредити) |
| Компјутеркса безбедност и дигитална форензика | 5 | 5 | 400 | 500 | Едногодишни (60 кредити) |
| Математичко информатичко образование | 5 | 5 | 400 | 500 | Едногодишни (60 кредити) |
| Робитка и интелигентни системи | 5 | 5 | 400 | 500 | Едногодишни (60 кредити) |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Финансиска и актурарска математика | 5 | 5 | 400 | 500 | Едногодишни (60 кредити) |
| Пресметковно инженерство | 5 | 5 | 400 | 500 | Едногодишни (60 кредити) |
| **7.Електротехнички факултет** | | | | | |
| **Назив на студиската програма** | | | | | |
| Автоматизација и процеси | 10 | 8 | 400 | 500 | двогодишни (120 кредити) |
| Автоматизација и процеси | 10 | 8 | 400 | 500 | Едногодишни (60 кредити) |
| Неконвенционални извори и технологии во електроенергетиката | 10 | 8 | 400 | 500 | двогодишни (120 кредити) |
| Неконвенционални извори на енергија и технологи | 10 | 8 | 400 | 500 | Едногодишни (60 кредити) |
| | | | | | |
| **8.Филолошки факултет** | | | | | |
| Назив на студиската програма | | | | | |
| Англиска филологија | 10 | 10 | 400 | 500 | двогодишни (120 кредити) |
| **9.Музичка акдемија** | | | | | |
| Назив на студиската програма | | | | | |
| Теорија на музиката и музичка педагогија | 5 | | 400 | | едногодишни (60 кредити) |
| Етнокреологија | 3 | | 400 | | едногодишни (60 кредити) |
| Џез студии | | | | | |
| Џез гитара | 3 | | 400 | | едногодишни (60 кредити) |
| Џез гитара (на англиски јазик) | 2 | | 400 | | едногодишни (60 кредити) |
| Џез тапани | 1 | | 400 | | едногодишни (60 кредити) |
| Џез труба | 1 | | 400 | | едногодишни (60 кредити) |
| Џез саксафон | 2 | | 400 | | едногодишни (60 кредити) |
| Џез пијано | 1 | | 400 | | едногодишни (60 кредити) |
| Матичен инструмент | | | | | |
| Обоа | 1 | | 400 | | едногодишни (60 кредити) |
| Флејта | 2 | | 400 | | едногодишни (60 кредити) |
| Кларинет | 1 | | 400 | | едногодишни (60 кредити) |
| Хорна | 1 | | 400 | | едногодишни (60 кредити) |
| Виолина | 1 | | 400 | | едногодишни (60 кредити) |
| Гитара | 1 | | 400 | | едногодишни (60 кредити) |
| Пијано | 4 | | 400 | | едногодишни (60 кредити) |
| Соло пеење | 2 | | 400 | | едногодишни (60 кредити) |
| **10.Факултет за туризам и бизнис логистика** | | | | | |
| Меѓународен туризам | 10 | 5 | 400 | 500 | двогодишни (120 кредити) |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Бизнис логистика | 10 | 5 | 400 | 500 | двогодишни (120 кредити) |
| **11.Технолошко-технички науки** | | | | | |
| Технологија и дизајн на текстил | 10 | 5 | 400 | 500 | двогодишни (120 кредити) |
| **12.Машински факултет** | | | | | |
| Проекториање на производни системи | 5 | 5 | 400 | 500 | двогодишни (120 кредити) |
| | | | | | |

## 2.Услови за запишување

На постдипломските студии можат да се запише лице кое завршило соодветни студиски програми од прв циклус. Универзитетот и неговите единици утврдуваат кои додипломски студии се соодветни за упис на одделни студиски програми на постдипломските студии, како и условите за упис на кандидатите кои имаат завршено други студиски програми.

На студиска програма од постдипломски студии која трае една година и со која се стекнуваат 60 ЕКТС кредити може да се запише само лице кое завршило додипломски студии во траење од најмалку 4 години со кои се стекнуваат најмалку 240 ЕКТС кредити. На втор циклус академски студии во времетраење од 2 (две) години или четири семестри, односно 120 ЕКТС може да се запишат кандидати со завршен прв циклус академски студии во времетраење од 3 (три) години, односно 180 кредити и кандидати со завршен прв циклус академски студии во времетраење од 4 (четири) години односно 240 ЕКТС.

Универзитетите и високите стручни школи можат да организираат стручни студии од втор циклус за лица кои завршиле соодветни студиски програми од прв циклус на стручни, односно академски студии. Стручни студии од втор циклус се организираат како студии кои траат една година и со нивното завршување се стекнуваат 60 ЕКТС кредити. Вкупниот број на кредити кои се стекнуваат на прв и на втор циклус стручни студии изнесува 240 ЕКТС кредити.

Компатибилноста и условите за упис на кандидатите кои имаат завршено други студиски програми на прв циклус универзитетски студии за упис на втор циклус студии се уредува со одлука од наставно – научниот, односно уметничкиот совет на единицата на Универзитетот. Условите за упис на кандидатите кои имааат завршено други студиски програми на прв циклус универзитетски студии- диференцијални испити се определуваат од соодветната студиска програма на прв циклус на студии. Диференцијалните испити се полагаат на почетокот на студиите од втор циклус (како услов за полагање на испитите од студиската програма на втор виклус студии) и со квантификација на оценката и освоените ЕКТС кредити се евидентираат во додатокот на диплома за завршен втор циклус студии.

Право на конкурирање имаат кандидати кои ги исполнуваат условите од т.2 од овој Конкурс и другите услови предвидени со студиските програми објавени на web страната на универзитетот. Странски државјани и лица без македонско државјанство имааат право на запишување на студии на втор циклус под еднакви услови како и македонските државјани.

## 3. Постапки и рокови за пријавување и за изведување на запишувањето на студиите

Постапката за запишување на кандидатите на втор циклус на универзитетски (академски) и стручни студии ја спроведува конкурсна комисија. Рангирањето на кандидатите го врши конкурсната комисија на секоја од единиците на Универзитетот. Членовите на конкурсната комисија ги именува наставно-научниот совет на единицата со посебна одлука. Ранг-листата се објавува на огласната табла на Универзитетот и на единицата, како и на веб–страницата на Универзитетот и на единицата. Кандидатот кој смета дека постапката не е правилно спроведена, има право на приговор до конкурсна комисија во рок од 24 часа од денот на објавувањето на резултатите. Одлуката по приговорот од мора да се донесе во рок од 24 часа од поднесувањето на приговорот. Одлуката му се соопштува на подносителот на приговорот со истакнување на огласната табла, а воедно се објавува на веб-страницата на Универзитетот и на единицата. Комисијата за запишување на студенти на единицата е должна до наставно – научниот совет да достави конечен извештај за резултатите за запишување на студентите на студиските програми од втор циклус. Наставно-научниот совет на единиците донесува одлуки за запишување на студентите на втор циклус. Кандидатот го остварил правото на запишување доколку се наоѓаат на ранг-листата до бројот што е предвиден со конкурсот за запишување. Кандидатот којшто го остварил правото на запишување, а во предвидениот рок нема да го изврши запишувањето го губи правото и наместо него правото на запишување го стекнува наредниот кандидат од ранг-листата. Студентот со Универзитетот склучува договор за студирање, со кој поблиску се утврдуваат нивните меѓусебни права и обврски.

**При пријавувањето кандидатите треба да достават:**
1.Пријава (можат да ги набават во универзитетските книжарници);
2.Диплома(оригинал или фотокопија заверена кај нотар) за завршен прв циклус на студии (кандидатите кои завршиле во странство доставуваат Решение од МОН за признавање на странската диплома);
3.Уверение за положени испити со оценки и кредити (оригинал или фотокопија заверена кај нотар)(кандидатите кои завршиле во странство доставуват еквиваленција на оценките);
4.Уверение за државјанство (оригинал или фотокопија заверена кај нотар), странските државјани доставуваат преведена и заверена на нотар фотокопија од патна исправа;
5.Доказ за познавање на странски јазик (оригинал или фотокопија заверена кај нотар) и
6. Куса биографија (CV).

Пријавата со наведената документација се доставува до Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, ул „Крсте Мисирков“ 10 А, Одделение за магистерски и докторски студии.

**При запишувањето, примените кандидати поднесуваат:**
Индекс, пријавни листови, доказ за извршена уплата на школарина, административни такси и други надоместоци, две фотографии (3,5x4,5).

Рок за пријавување и запишување:

| | |
|---|---|
| Прв уписен рок | |
| пријавување | Од 15.08.2020г. до 1.10.2020г. |
| запишување | Од 10.10.2020г. до 15.10.2020г. |
| Втор уписен рок | |
| пријавување | 0д.15.01.2021 до 1.02.2021г. |
| запишување | Од 8.02.2021 до 14.02.2021 |

**4. Место на изведување на студиската програми**

Изведување на студиските програми наставата и полагање на испитите, ќе се одвива на единиците на Универзитетот, во Штип.

**5. Висина на школарината и надоместоците**

Школарината за студирање на втор циклус студии е целосно на товар на студентот и таа изнесува за редовните студенти 400 евра (во денарска противвредност) за семестар, а за вонредните студенти 500 евра (во денарска противвредност) за семестар и за одбрана на магистерски/специјалистички труд студентите плаќаат износ од 300 евра (во денарска противвредност), десет дена пред денот на одбрана. Студентите кои се странски државјани плаќаат двојно повеќе.

Надоместоците што ги плаќаат студентите за образование и административни услуги на Универзитетот се врз основа на Одлуката за висината на надоместоците што ги плаќаат студентите за образование и административни услуги на Универзитетот.

**ЗАБЕЛЕШКА**

Детални информации за условите за запишување на секоја од објавените студиски програми, потребната документација, организацијата и временскиот распоред на студиите, заинтересираните кандидати може да ги добијат во Одделението за магистерски и докторски студии, на соодветните единици носители на студиските програми и на web страницата на Универзитетот и единиците.

**Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип**
**Ул„Крсте Мисирков“ бр.10 А Штип**

| |
|---|
| Конкурсот е објавен на интернет-страницата:<br>http://www.ugd.edu.mk |